**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**


| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**<br>**Излегува по потреба**<br>**Рок на рекламации 15 дена** | **17.01.2018**<br>**Ростуше**<br>**Број 1 Год.XXIII** | **e-mail:**<br>**mavrovorostuse@yahoo.com**<br>**Тел:(042)478–814; 478–815** |


**Ростуше, 17 Јануари 2018 година**

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за повлекување на
Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за с.Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучок за повлекување на Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за с.Ростуше, број 08-36/3 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/1 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 и член 72 став 1 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 15.01.2018 година Расправајќи по Решението на градоначалникот за вклопување на постоечки објект во постојната урбанистичко планска документација за с. Ростуше, заради утврдување на правен статус за легализација на бесправно изграден објект во с.Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се повлекува одлуката за **Измената на Урбанистичкиот план за с. Ростуше,** за вклопување на постоечки објект во постојната урбанистичко планска документација за с. Ростуше, заради утврдување на правен статус на истиот, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на Р.М.“ бр. 23/11, 54/11 и 56/11).

Градоначалникот не ја објави во службениот гласник на општината поради опфат на простор кој е од јавен интерес.

Одлуката се враќа на повторно решавање во одделението за урбанизам со легализирање на објектот кој не опфаќа јавен простор, односно да се изземе од елаборатот помошниот објект.

Бр.08-36/3 Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за дополнување Комисијата за меѓународна соработка со членови од дијаспора како надворешни членови на комисијата

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за дополнување Комисијата за меѓународна соработка со членови од дијаспора како надворешни членови на комисијата, број 08-36/4 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/2 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 37, став 1 и 2 од Законот за локална самоуправа ,,Сл.Весник на РМ бр.55/2002/, а во согласност со член 25 став 1 точка 37, член 54 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше Службен гласник бр.03/2006 пречистен текст бр.06/2008/ и 03/2015 пречистен текст/.

Советот на Општина Маврово и Ростуше на својата петта редовна седница одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За дополнување на комисија за меѓународна соработка со членови од дијаспора како надворешни членови во комисијата.

Член 1

Советот на Општина Маврово и Рстуше ја дополнува комисијата за меѓународна соработка со 5 членови како преставници од дијаспората. За надворешни членови во комисијата за меѓународна соработка од дијаспората се назначуваат следните лица:

1. Сафет Алили - Луксембург
2. Нахмир Гале - Италија
3. Елмин Ибраимоски - Италија
4. Самија Мурати - Италија
5. Иметт Хоџаоглу - Турција

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше,,.

Бр.09-36/4 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за разрешување и именување на член во Комисија за односи меѓу заедниците

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за разрешување и именување на член во Комисија за односи меѓу заедниците, број 08-36/5 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/3 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 37, став 1 и 2 од Законот за локална самоуправа ,,Сл.Весник на РМ бр.55/2002/, а во согласност со член 25 став 1 точка 37, член 40; 41; 42 и 43 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше Службен гласник бр.03/2006 пречистен текст.

Советот на Општина Маврово и Ростуше на петата седница одржана на ден 15.01.2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А
За разрешување и именување на член во Комисија за односи помеѓу заедниците

Член 1
Советот на Општина Маврово и Ростуше го разрешува на Мухаметали Мурати од член во Комисијата за односи меѓу заедниците како работно тело на советот на Општина Маврово и Ростуше.

Член 2
На негово место за член и претседател во Комисијата за односи меѓу заедниците се именува лицето Абдураим Муслију од с.Скудриње.

Член 3
Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше,,.

Бр.08-36/5 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**4.**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Буџетски календар за 2018 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Буџетски календар за 2018 година, број 08-36/6 што Советот на Општина Маврово и Ростуше го донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/4 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.61/2004) Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на 15.01.2018 година донесе:

# БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР ЗА 2018 ГОДИНА

## I. Општи Одредби

- Учесниците мора да го разберат буџетскиот процес и да ги идентификуваат сопствените задачи
- Учесници во буџетскиот процес се буџетските аналитичари и буџетските корисници
- Потребно е време да се одвои за секоја одделна постапкка
- Со буџетскоит календар се утврдуваат роковите во кои:

-Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови;
-Општинските буџетски корисници ги доставиваат своите финансиски планови до градоначалникот и
-градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до советот на општината

## II.Содржина на Буџетскиот календар

| Датум | Буџетски Активности | Одговорност |
|---|---|---|
| Јанауари-март | Одредување на буџетски календар | Совет на Општина |
| Април | Известување до владата за целите на фискалната политика | Министер за финансии |
| Април Мај | Определување на фискална стратегија/ Стратешки документи на општината | Совет на општина |
| Мај Јуни | Препораки за подоготовка на финансиски планови до корисниците на општинскиот буџет | Градоначалникот |
| Јуни Јули | Поднесување на нацрт-финансиски планови до градоначалникот | Корисници на општинскиот буџет |
| Август | Ги анализира барањата на буџетските корисници и го информира градоначалникот за основните патаметри во нив | Одделение за финансирање и буџет |
| Август | Ги известува одд.за урбанизам и нормаривно правни работи за подоготовка на Програми за зимско и летно одржување на лок.патишта, уредување на град земјипте и др програни | Градоначалник |
| Септември | Достава и Анализирање на програмите кои треаба да се финансираат од Буџетот. | Одд.за урбанизам,одд. за нормативни работи и одд. за финансирање и буџет со градоначалникот |

| | | |
|---|---|---|
| Најдоцна до 30 септрмври | Поднесува Буџетски циркулар до општините со насоки насоки за подготовка на буџетите и износи на дотациите од буџетот на РМ | Министер за Финансии |
| Октомври | Погдотовка на план за развојни програни и достава до совет најдоцна до 20 во месецот | Градоначалник |
| Октомври | Буџетските информации за висината на дотациите и прифатените планови се доставуваат до одделенијата | Градоначалник |
| Октомври | Подготвува нацрт-буџет на општината | Одд.за Финансии |
| Октомври | Го разгледува и одобрува нацрт-буџетот | Градоначалник |
| Ноември | -до 15.нацрт-буџетот се дава на Советот<br>-Се објавува содржината на буџетот и се доставува до јавноста | Градоначалник |
| 15 Ноември | Го освојува планит за Развојни програми | Совет на општина |
| 30 Ноември | Предлог буџетот за прв пат формално се прегледува | Совет на Општина |
| 5 Декемврви | Се одржува јавна расправа | Совет на општина |
| 10 Декември | Се доставува Предлог буџетот до Советот на општината | Градоначалник |
| Најдоцна до 31 Декември | Советот на седница го Донесува Буџетот на Општината за наредната 2019 година | Совет на Општина |
| 01 јануари | Почеток на нова буџетска, односно фискална година | |

III.Завршни одредби

Овој Календар влегува во сила со објавувањето во Службен Гласника на Општина Маврово и Ростуше, а ќе се променива во текот на 2018 година според содржините и роковите утврдени во став 2 од Буџетскиот Календар на Општина Маврово и Ростуше.

Бр.08-36/6                                        Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год.                                        П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е                                        Алил Алили, с.р..

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за траен отпис на основни средства и ситен инвентар за 2017 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за траен отпис на основни средства и ситен инвентар за 2017 година, број 08-36/7 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/5 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008; 03/2015 пречистен текст.

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За траен отпис на основни средства и ситен инвентар

Член 1

Со оваа Одлука се врши отпис на основни средства и ситен инвентар кои се попишани со редовниот попис за 2017 година. Пописната комисија ги расходира со записник за расход како нефункционални и оштетени основните средства и ситен инвентар наведени во извештајот од извршениот попис.

Член 2

Согласно спроведениот попис и затекнатата фактичка состојба Комисијата предлага да се изврши траен книговодствен отпис на следните основни средства и ситен инвентар:

1. Печатар „HP Laserjet 1005“________________________ 1 парче
2. Скенер „Xerox“____________________________________ 1 парче
3. Телевизор „Samsung“______________________________ 1 парче
4. Копир „Canon“_____________________________________ 1 парче
5. Компјутер „Hundai“ со монитор_____________________ 1 парче
6. Фотокопир голем___________________________________ 1 парче
7. Скенер ____________________________________________ 2 парче
8. Фотеља____________________________________________ 3 парче
9. Принтер ___________________________________________ 1 парче
10. Столица __________________________________________ 1 парче.

Заклучно со реден број 10(десет) со прилог извештај.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Бр.08-36/7
15.01.2018 год.
Р о с т у ш е

Совет на Општина Маврово и Ростуше
П р е т с е д а т е л ,
Алил Алили, с.р..

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука за исплата на средства на политички партии за одржани локални избори 2017 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за исплата на средства на политички партии за одржани локални избори 2017 година, број 08-36/8 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/6
16.01.2018 год.
Р о с т у ш е

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 и 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 86, став 4 од Изборниот законик на Р.Македонија ("Службен весник на РМ" бр. бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017 и 125/2017) и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше ("Службен гласник" на Општина Маврово и Ростуше, бр.03/2015), Советот на Општина Маврово и Ростуше на својата одржана седница на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За исплата на средства на политички партии за одржани локални избори 2017 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши исплата на средства за надоместок на трошоци за избори кои ги имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани и не се избрани кандидат за членови на совет, односно кандидат за градоначалник на локални избори 2017 година, во висина од 15 денари по добиен глас согласно член 86, став 4 од Изборниот законик.

Член 2

Исплатата на средствата ќе се изврши на сметка на политичките партии кои во законскиот рок поднеле барање до Општина Маврово и Ростуше за исплата на надоместокот.

Член 3

Официјален број на освоени гласови ќе се утврди врз основа на Записник за сумирање на резултати од гласањето за Градоначалник и членови на Советот.

Член 4

Висината на надоместокот се определува во износ од 15 денари по добиен глас за учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани кандидати за членови во Советот односно Градоначалник на општина Маврово и Ростуше.

Висината на надоместокот се определува во износ од 15 денари по добиен глас за учесниците во изборната кампања од чии листи не се избрани кандидати за членови во Советот односно Градоначалник на општина Маврово и Ростуше, доколку освоил најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на општината.

Член 5

Средствата ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2018 година од прорама А0, конто 464990, други трансфери.

Член 6

Се задолжува Одделението за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување во “Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше“.

Бр.08-36/8 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на парична помош за лекување

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на парична помош за лекување (Селмир Зунуни од с.Присојница), број 08-36/9 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/7 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната.

О Д Л У К А
За одобрување на парична помош за лекување

Член 1
Се одобрува парична помош во износ од 30.000,оо денари на Селмир Зунуни од с.Присојница од Општина Маврово и Ростуше, социјален случај со намена за лекување и други медицински третмани за неговиот брат Зунуни Кабир.

Член 2
Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање заведено под бр.УПП 08-1 од 05.01.2018 година, со прилози.
Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година на трансакциона сметка 270700043773527 - Халк банка и мат.бр 2409990474705.

Член 3
Оваа одлука ќе биде објавена во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-36/9 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**8.**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука за одобрување на парична помош за изградба на објект Црква во Маврови Анови

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на парична помош за изградба на објект Црква во Маврови Анови, број 08-36/10 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/8 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.
Советот на Општината на седницата одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За одобрување на парична помош за изградба на објект Црква во с.Маврови Анови

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 20.000,оо денари за изградба на црквата „Свети Кирил и Методиј“ лоцирана во населба с.Маврови Анови.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање на ден 05.01.2018 година заведено под УПП бр.08-1.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година на трансакциона сметка ________________________ - _________________ банка.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-36/10 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на парична помош за лекување

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на парична помош за лекување (Суан Черкези од с.Велебрдо), број 08-36/11 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/9 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За одобрување на парична помош за лекување

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 20.000,оо денари за лекување на Суан Черкези од с.Велебрдо од Општина Маврово и Ростуше, социјален случај со намена за лекување и други медицински третмани за неговиот Брат Сафет Черкези кој се наоѓа на лекување во Демирхисар.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање на ден 09.01.2018 година заведено УПП бр.08-2.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2017 година на трансакциона сметка 370000026021151-__________________и мат.бр.xxxxxxxxxxxxx.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-36/11 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р.

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на парична помош за лекување

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на парична помош за лекување (Фатон Етипи од с.Нистрово), број 08-36/12 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/10 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година /пречистен текст/.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За одобрување на парична помош за лекување

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 15.000,оо денари за изградба на семејна куќа на Фатон Етипи од с.Нистрово, Општина Маврово и Ростуше.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање на ден 21.12.2017 година.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година, со подмирување на фактура за одобрени градежни матријали.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-36/12 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на парична помош за лекување

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на парична помош за лекување (Идризи Нуризија од с.Жировница), број 08-36/13 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/11 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година /пречистен текст/.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За одобрување на парична помош за лекување

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 10.000,оо денари за изградба на Идризи Нуризија од с.Жировница, Општина . Средсвата се одобруваат за лекување и медицински третамани за неговата сопруга Идризи сафије.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање на ден 03.11.2017 година.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година, на трансакциона сметка број ______ Банка и ЕМБГ xxxxxxxxxxxxx..

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-36/13 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**12.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за одобрување на парична помош за надомест на штета

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за одобрување на парична помош за надомест на штета (Мевлуде Алуши од с.Врбјани) број 08-36/14 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/12 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За одобрување на парична помош за надомест на штета

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 15.000,оо денари на Мевлуде Алуши од с.Врнбјане за надомест на материјална штета направена од пожар на семејната куќа на комшијата при што се нанесе штета и на куќата од поднопсителот на барањето.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено писмено барање.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2018 година на трансакциона сметка 370076305238887- Еуростандард банка и мат.бр 2707964478078.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-36/14 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**13.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка во Општина Маврово и Ростуше

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка во Општина Маврово и Ростуше, број 08-36/15 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 5-тата седница, одржана на ден 15.01.2018 година.

Бр.09-44/13 Општина Маврово и Ростуше
16.01.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“, бр.05/02) и член 25, став 1, точка 32 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (“Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше“, бр.03/2015), Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 15.01.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

За давање на користење, одржување и управување на посебно издвоен објект во склоп на основното училиште “Блаже Конески“ во с.Скудриње, Општина Маврово и Ростуше на Општина Дебар

Член 1

Со оваа одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на посебно издвоен објект во склоп на основното училиште “Блаже Конески“ во с.Скудриње, Општина Маврово и Ростуше кој се наоѓа на КП бр.1001, КО Скудриње, на Општина Дебар, а за потребите на Јавна општинска установа за деца – детска градинка “Брешија“ од Дебар со цел вршење на услуги од својата дејност (згрижување и воспитување на деца и др.)

Член 2

Објектот од член 1 на оваа Одлука е изграден и опремен со средства на Општина Маврово и Ростуше.

Член 3

Објектот од член 1 на оваа Одлука се доделува на општина Дебар ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца – детска градинка “Брешија“ од Дебар, Општина Дебар.

Јавната општинска установа – детска градинка “Брешија“ од Дебар е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавање на објектот и опремата во истиот на Општина Дебар, ќе се состави записник.

Општина Дебар како основач на ЈОУ Детска градинка “Брешија“ има обврска со Одлука на совет објектот да го додели на користење, управување и одржување на градниката.

Член 4

Општина Дебар и Јавната општинска установа – детска градинка “Брешија“ од Дебар, објектот од членот 1 на оваа Одлука не смеат да го даваат под закуп или на користење на друго правно или физичко лице, ниту да го дава во залог- хипотека.

Објектот треба да се користи строго наменски само за целта за која е доделен на користење.

Правото на користење на предметниот објект може да биде одземено со Одлука на Советот во секое време.

Член 5

Општина Дебар и Директорот на Јавната општинска установа – детска градинка “Брешија“ од Дебар, се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочување со работа на објектот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше.

Бр.08-36/14 Совет на Општина Маврово и Ростуше
15.01.2018 год. П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**14.**

Врз основа на член 31 од Уредбата за канцелариско и архивско работење (,,Службен Весник на РМ” број 1/2014), а во согласност со член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоупрва (Службен Весник на РМ” број 5/2002, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 02.01.2018 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За формирање на Комисија за одбирање и евидентирање на архивската граѓа на Општина Маврово и Ростуше за 2017 година

1. Се формира Комисија за одбирање и евидентирање на архивска граѓа и издвојување на документарниот мартеријал во единицата на локалната самоуправа Општина Маврово и Ростуше за 2017 година.

За членови на Комисијата се именуваат:

**Претседател:** БУКУРИЈЕ БЕЌИРИ - Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Маврово и Ростуше,

**Членови:**

- УЛВИЈА БЕЌИРИ – Самостоен референт – Архивар во Одделението за општи работи во Општина Маврово и Ростуше,
- ВИКТОРИЈА СПАСЕСКА – Самостоен референт – Административни работи во Одделението за урбанизам, комунални дејности, локален економски развој и заштита на животна средина во Општина Маврово и Ростуше и
- ДИЈАНА ТРИПУНОВСКА – Самостоен референт – Градежен и даночен извршител во Одделението за инспекциски надзор во Општина Маврово и Ростуше

2. Комисијата има задача врз основа на Листата на архивска граѓа од трајна вредност и Листата на документарниот материјал со рокови на негово чување да изврши

одбирање на архивската граѓа и издвојување на документарниот материјал за 2017 година.

3. По извршеното одбирање на архивската граѓа, Комисијата ќе изврши евидентирање (изработка на попис и опис) на архивската граѓа во 2 (два) примероци од кои 1 (еден) ќе достави до Архивот во предвидениот законски рок односно најдоцна до 31 март во тековната година, а за претходната 2017 година.

4. По извршеното одбирање на документарниот материјал, Комисијата ќе изврши класифицирање на документарниот материјал според роковите на неговото чување.

Работењето на Комисијата почнува веднаш по приемот на Решението и ќе трае до извршувањето на задачите, а најмногу до 31 март 2018 година.

Решението е доставено до:
1. Членовите на комисијата
2. Архивата на Општината
3. Архив на Македонија
   Подарачно одделение - Тетово

Бр.09-1/1
02.01.2018 год.
Р о с т у ш е

Општина Маврово и Ростуше
Градоначалник
Медат Куртовски с.р

**15.**

Врз основа на член 63 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“, бр.05/2002 од 29.01.2002 год.) и член 75, став1 и 3 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (Пречистен текст објавен во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше 03/2015), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 17.01.2018 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на лицето Миралем Ибраими од с.Скудриње, Општина Маврово и Ростуше, **СЕ ОДОБРУВА.**

На лицето Миралем Ибраими му се одобруваат финансиски средства во висина од **10.000,оо денари,** поради неговата тешка финансиска состојба.

Средствата да се исплатат на следната сметка 270700043591361, депонент Халк Банка АД Скопје.

**Образложение**

Од страна на лицето Миралем Ибраими од с.Скудриње до Општина Маврово и Ростуше е поднесено барање за доделување на финансиски средства – еднократна финансиска помош поради тешката финансиска состојба во која се наоѓа.

Откако беше разгледано барањето од страна на Градоначалникот и на истото со свој потпис од негова страна и наведен износ на одбрени средства, беше одлучено како во диспозитивот на ова Решение.

Средствата да се исплатат на сметката која е наведена во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение незадоволната страна има право на жалба до Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општината во рок од 5 дена од денот на примето на Решението.

Решено во Ростуше,
на ден 17.01.2018 год.
бр.УПП 09-6

**ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**МЕДАТ КУРТОВСКИ, с.р.**

==========================================================================

## С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за повлекување на Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за с.Ростуше.......................................2

2. Одлука за дополнување на Одлуката на Комисијата за меѓународна соработка со членови од дијаспора како надворешни членови на комисијата..............................................................................................3

3. Одлука за разрешување и именување на член во Комисија за односи меѓу заедниците..............................................................................................4

4. Буџетски календар за 2018 година..................................................................5

5. Одлука за траен отпис на основни средсва и ситен инвентар........................7

6. Одлука аа исплата на средства на политички партии за одржани Локлани избори 2017 година.......................................................................8

7. Одлука за одобрување на парична помош за лекување (Селмир Зунуни од с.Присојница)......................................................................10

8. Одлука за одобување на на парична помош за изграба на објект црква во Маврови Анови......................................................................10

9. Одлука за одобрување на парична помош за лекување (Суан Черкези од с.Велебрдо)..........................................................................11

10. Одлука за одобрување на парична помош за лекување (Фатон Етипи)..............................................................................................12

11. Одлука за одобрување на парична помош за лекување (Идризи Нуризија од с.Жировница)......................................................................13

12. Одлука за одобрување на парична помош за надомест на штета (Мевлуде Алуши од с.Врбјани)..................................................................14

13. Одлука за давање на користење, одржување и управување на посебно издвоен објект во склоп на ОУ ,,Блаже Конески” с.Скудриње, Општина Маврово и Ростуше на Општина Дебар.........................................15

14. Решение за формирање на Комисија за одбирање и евидентирање на архивската граѓа на Општина Маврово и Ростуше за 2017 година............16

15. Решение за одобрување на финансиски средства на Миралем Ибраими од с.Скудриње........................................................................17

==============================================================================
ИЗДАВА И УРЕДУВА СЛУЖБА НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
==============================================================================